

АНДРИЈ ЖОЛДАК

# едвард II

# „Манифест на нашето театарско време“

Проект со меѓународен карактер, кој покажува дека во време на кризи можеме да градиме мостови преку културата и заедно да работиме, живееме и создаваме. Автентичен и мултидисциплинарен проект од областа на театарската уметност со манифестен формат/содржина во кој силно се артикулира контекстот преку универзален дискурс.

Проектот обединува мноштво активности и партнери во две фази од реализацијата.

- Првата фаза се однесува на проектот „Едвард Втори“, авторски проект на европски прославениот режисер Андриј Жолдак во чија оска е претставата „Едвард Втори“, со планирани три премиерни изведби:

**06.8.2023 Фестивал „Охридско лето“, Охрид**

**09.9.2023 Театар „Јордан Х. К. Џинот“, Велес**

**14.9.2023 Фестивал „Театар на крстопат“, Пловдив**

- Во средиштето на втората фаза е проект кој го потпишува Диана Добрева, а насловот ќе произлезе од процесот на подготовките за претставата, планиран за декември 2023 година.

Преку овие две продукции, целта е да ги испишеме парадигмите на нашето театарско време и токму преку формата на Манифестот да се обидеме да се доближиме до одговорот „Што нам денес, ни значи театарот“. Кога велиме Нам, не мислиме само на нашата тесна географија туку и на широчината на просторот.

Споделување на искуство и техники е од круцијално значење за заедничкото растење во културата и на театрската сцена. Токму со оваа намера две исклучителни, светски познати имиња преку своите ракописи ќе вмрежат голем број на уметници и фестивали кои целат кон заедничко разбирање на театарската уметност.

# ЗА ПРЕТСТАВАТА:

„Едвард Втори“копродукциски проект на НУЦК Театар „Јордан Х.К. Цинот“ од Велес и Драмски театар „Масалтинов“ од Пловдив, Бугарија, иницира комплексна појавност на неколку нивоа. „Едвард Втори“ е производ на драматуршкиот „римејк“ на режисерот Жолдак и Сашо Димоски на класичната драма на Марлоу, со поп-артовска посвета на физичкиот театар, а во поголемиот дел од дејствието кокетирајќи со разни жанрови, во прв ред крими-трилерот. Стеснета и дизајнирана во минималистички стил, сцената го потенцира чувството на нелагодност: затоа ликовите манијакално се удираат во ѕидовите, не наоѓајќи го излезот. Колку волјата за моќ е триумфална златна круна што циклично се менува на главите на членовите на едно кралско семејство, а колку, пак, венец од трња како награда за тие мазохистички напори?

Акцентот на односот помеѓу таткото и синот, на ефектите од недостигот на мајката, луксузот и моќта, потребата од стапување во брак, но и менувањето на сексуалната определба. Тоа денеска е актуелно и нормално, меѓутоа од друга страна не принудува да ја побараме причината за ваквите појави и процеси.

**Андриј Жолдак**

# ABOUT THE SHOW:

"Edward the Second" co-production project of NUCK Theater "Jordan H.K. Dzinot" from Veles and Drama Theater "Masaltinov" from Plovdiv, Bulgaria, initiates a complex phenomenon on several levels. "Edward the Second" is the product of the dramaturgical "remake" of director Zoldak and Sasho Dimoski of Marlowe's classic play, with a pop-art dedication to physical theater, and in most of the action flirting with various genres, primarily the crime-thriller. Narrowed and designed in a minimalist style, the scene emphasizes the feeling of uneasiness: that's why the characters maniacally hit the walls, not finding the way out. How much of the will to power is a triumphant golden crown that cycles through the heads of the members of a royal family, and how much is a crown of thorns as a reward for those masochistic efforts?

Emphasis on the relationship between father and son, the effects of mother deprivation, luxury and power, the need to marry, but also changing sexual orientation. It is current and normal today, but on the other hand, it forces us to look for the reason for such phenomena and processes.

**Andriy Zholdak**

Драматург

**Сашо Димоски**

Театарот на Андриј Жолдак почива на ирационалното, на манифестација на потсвеста преку создавање автентичен говор на телото во криза. Но – од една страна само. Од другата страна – маркер на неговиот ракопис е длабокото промислување на psihis-от на ликот и неговата реализација во концептот за актерската игра. Од трета страна - тој создава партитури преку поврзување отсечки во секвенците кои го градат мизансценот и нивно монтирање во целина на изведбата, поимајќи го притоа мизансценот како доминантен тип текст. „Едвард Втори“ е синтеза на овие постапки, а особеноста на прочитот на пиесата на Марлоу стои во вртењето на оптиката од насловниот лик кон ликот на Изабела де Валоа, сопругата на Едвард Втори, како и во интерпретацијата на ликот на Едвард преку двајца актери.

Dramatist

**Sasho Dimoski**

Andrij Zoldak's theater rests on the irrational, on the manifestation of the subconscious through the creation of authentic body language in crisis. But - on the one hand only. On the other hand – a marker of his handwriting is the deep consideration of the psyche of the character and its realization in the concept of acting. On the third hand - he creates scores by connecting sections in the sequences that build the mise-en-scene and mounting them into a whole performance, conceiving the mise-en-scene as the dominant type of text. "Edward II" is a synthesis of these actions, and the peculiarity of the reading of Marlowe's play lies in the turning of the optics from the title character to the character of Isabella de Valois, the wife of Edward II, as well as in the interpretation of Edward's character through two actors.

## ЗА ТЕАТАРОТ
## ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ – ЏИНОТ, ВЕЛЕС

Националната Установа Центар за култура Театар "Јордан Хаџи Константинов - Џинот" од Велес е една од најстарите и водечки театарски институции во Македонија, основана во 1948 година. Го носи името на својот патрон Јордан Хаџи Константинов - Џинот, првиот македонски драмски писател и основоположник на македонскиот театар. Театарот "Џинот" Велес е државна театарска институција финансирана од Министерството за култура на Република Македонија. Театарот има нова репрезентативна театарска зграда со највисоки технички стандарди и театарски простор со голема сцена предвидена за 370 луѓе и мала сцена со отворен студиски концепт предвидена за 104 луѓе во публиката.

## ABOUT THE THEATRE
## JORDAN HADZIKONSTANTINOV - DZINOT, VELES

The National Institution Center for Culture Theater "Jordan Hadji Konstantinov - Dzinot" from Veles is one of the oldest and leading theater institutions in Macedonia, founded in 1948. It bears the name of its patron Jordan Hadji Konstantinov - Dzinot, the first Macedonian playwright and founder of the Macedonian theater. "Jordan H. K. Dzinot" is a state theater institution financed by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia. The theater has a new representative theater building with the highest technical standards and a theater space with a large stage designed for 370 people and a small stage with an open studio concept designed for 104 people in the audience.

## Н.О. МАСАЛИТИНОВ, ПЛОВДИВ

Драмскиот театар Пловдив е првиот професионален бугарски театар, основан во 1881 година и една од водечките културни организации во земјата во денешно време. Станува збор за државен репертоарен театар, кој управува со три сцени во неверојатниот антички град Пловдив – европска престолнина на културата 2019 година. Откако изгоре во пожар во 2013 година, главната сцена беше реновирана и моментално е една од најдобро опремените театарски сцени во земјата.

Голем број од најистакнатите бугарски актери и режисери ја започнаа својата кариера во Драмскиот театар во Пловдив. Театарските продукции, креативниот тим и актерите се добитници на бројни престижни национални театарски награди. Нејзиниот менаџерски тим е награден со награда за најдобар менаџмент и маркетинг од Министерството за култура два пати – во 2012 и во 2016 година.

Театарот е домаќин на меѓународниот театарски фестивал „Сцена на крстопат", основан во 1996 година, од еден од најомилените и најпознатите бугарски актери – Стефан Данаилов. Тој е професор на Националната академија за театарска и филмска уметност од 1988 година и Министер за култура од 2005 до 2009 година.

## N.O MASALITINOV, PLOVDIV

The Plovdiv Drama Theater is the first professional Bulgarian theater, founded in 1881, and one of the leading cultural organizations in the country today. It is a state repertory theater, which manages three stages in the amazing ancient city of Plovdiv – European Capital of Culture 2019. After it burned down in a fire in 2013, the main stage was renovated and is currently one of the best equipped theater stages in the country.

A number of the most prominent Bulgarian actors and directors started their careers at the Drama Theater in Plovdiv. Theater productions, creative team and actors are winners of numerous prestigious national theater awards.

Its managerial team has been awarded the Best Management and Marketing Award by the Ministry of Culture twice – in 2012 and in 2016.

The theater hosts the annual international theater festival Stage at Crossroads, founded in 1996 by one of the most beloved and recognized Bulgarian actors – Stefan Danailov. He has been a professor at the National Academy for Theater and Film Arts since 1988 and Minister of Culture from 2005 to 2009.

## РЕЖИСЕР

Андриј Жолдак (1962 г., Киев, Украина)

Дипломирал студии по режија на московскиот Институт за филм и театар, под менторство на прочуениот руски режисер Анатолиј Васиљев. Авторската поетика на Жолдак, како и неговиот режисерски ракопис, несомнено се резултанти на неговите перманентни интереси за филмот (Фелини, Бергман, Параџанов, Тарковски) и на истражувањата во областа на ликовните уметности. Повеќе години Жолдак го управувал Државниот академски драмски театар „Тарас Шевченко“ во Харков, на чија сцена режирал пет големи проекти кои, освен изведбите во Украина, биле изведени на престижните фестивали во повеќе од триесет европски земји. Во 2005 г. Жолдак ја режирал Шекспировата пиеса „Ромео и Џулиета“, реализирана како копродукција помеѓу Берлинскиот фестивал (Berliner Festspiele), Европската агенција за култура (Agency Culture-Europe) и Аладемскиот драмски театар во Харков. По премиерната изведба на Берлинскиот фестивал и последователна изведба во Варшава, украинските власти го забраниле изведувањето на „Ромео и Џулиета“ во самата Украина, принудувајќи го Жолдак да го напушти театарот во Харков. Оттогаш, тој постојано живее во Берлин, работејќи во водечките театри во Германија, Русија, Финска, Шведска и Швајцарија. Благодарение на својот долгогодишен опит на театарски практичар, како и на постојаниот ангажман во областа на театарската теорија, во текот на последниве години Жолдак е ангажиран како водител на низа теориски и оперативни театарски работилници во Велика Британија, Холандија, Шпанија, Германија, Финска, Франција, Јапонија...

Добитник е на Наградата за изведувачки уметности на УНЕСКО (2008), која се доделува за личен придонес кон развојот на театарската уметност, на две Златни маски за најдобра оперска режија и најдобар оперски режисер во Русија (2014, за операта „Евгениј Онегин“, поставена во Санкт Петербург), на наградата Талија за најдобра претстава изведена во Финска (2010, за претставата „Ана Каренина“, поставена во театарот во Турку) во Русија. Добитник е на наградата за најдобра режија на меѓународниот театарски фестивал во Сибиу (Романија), наградата за најдобар режисер во Романија (за постановката на „Отело“, 2002), наградата за најдобра експериментална претстава на фестивалот во Торун, Полска (за постановката на „Галеб“, 2002),), наградата од публиката на фестивалот „Златен лав“ (2002), наградата од критиката на белградскиот БИТЕФ (за постановката на „Три сестри“, 2000)... 2002 година, претставата на Жолдак „Хамлет. Соништа“, изведена во продукција на театарот во Харков, учествува на скопскиот МОТ и ја добива наградата од театарската критика. Во театрографијата на Жолдак, скопската „Електра“, поставена на сцената на МНТ, е неговата 41. професионална театарска режија. (ј.л.)

## DIRECTOR

Andriy Zholdak (1962, Kyev, Ukraine)

He graduated in directing studies at the Moscow Institute of Film and Theater, under the mentorship of the famous Russian director Anatoly Vasiliev. Zoldak's authorial poetics, as well as his directorial manuscript, are undoubtedly the result of his permanent interests in film (Fellini, Bergman, Paradzhanov, Tarkovsky) and research in the field of fine arts. For many years, Zholdak managed the State Academic Drama Theater "Taras Shevchenko" in Kharkiv, on whose stage he directed five major projects which, apart from performances in Ukraine, were performed at prestigious festivals in more than thirty European countries. In 2005 Zoldak directed Shakespeare's play "Romeo and Juliet", realized as a co-production between the Berliner Festspiele, the European Agency for Culture (Agency Culture-Europe) and the Aladem Drama Theater in Kharkiv. After the premiere performance at the Berlin Festival and a subsequent performance in Warsaw, the Ukrainian authorities banned the performance of "Romeo and Juliet" in Ukraine itself, forcing Zoldak to leave the theater in Kharkiv. Since then, he has lived permanently in Berlin, working in leading theaters in Germany, Russia, Finland, Sweden and Switzerland. Thanks to his many years of experience as a theater practitioner, as well as his constant engagement in the field of theater theory, during recent years Zoldak has been engaged as a leader of a series of theoretical and operational theater workshops in Great Britain, Holland, Spain, Germany, Finland, France , Japan...

He is the winner of the UNESCO Performing Arts Award (2008), which is awarded for personal contribution to the development of theater art, of two Golden Masks for the best opera direction and the best opera director in Russia (2014, for the opera "Eugene Onegin", staged in St. Petersburg), at the Thalia Award for the best play performed in Finland (2010, for the play "Anna Karenina", staged in the theater in Turku) in Russia. He is the winner of the award for the best direction at the international theater festival in Sibiu (Romania), the award for the best director in Romania (for the production of "Othello", 2002), the award for the best experimental play at the festival in Torun, Poland (for the production of " Seagull", 2002),), the prize from the audience at the festival "Golden Lion" (2002), the prize from the critics of the Belgrade BITEF (for the staging of "Three Sisters", 2000)... 2002, Zoldak's play "Hamlet. Sonishta", performed in the production of the theater in Kharkiv, participates in the Skopje International Film Festival and receives the award from the theater critics. In Zoldak's theater work, Skopje's "Elektra", staged at MNT, is his 41st professional theater direction. (j.l.)

## БИОГРАФИЈА САШО

Сашо Димоски (Охрид, 1985, доктор по драмски уметности на ФДУ, УКИМ, Скопје) е македонски писател, драмски уметник и универзитетски професор. Неговото портфолио, реализирано во литературата, драмата и балетот опфаќа над педесет наслови. Автор е на: „Дневникот на хулиганот“ , „Алма Малер“ , „Петтото годишно време“ и „Заспаните убавици“. Ги потпишува книгите со собраните авторски драми „Ние, другите“ и „Текстови за сценска изведба“ , книгата театарски есеи „8/4“ , а ја уредува и тритомната хронологија „Нова античка драма“.

Преведен е на англиски, српски, бугарски, албански и унгарски, а неговите раскази, драми, есеи и театарски студии се дел од различни литературни списанија дома и во странство.

Покрај македонските продукции, соработува со значајни театри во Р. Србија, Р. Бугарија, Р. Хрватска, Р. Црна Гора и Р. Унгарија, потпишувајќи над триесет продукции како драматург и автор на текстови.

Добитник е на значајни награди и признанија, меѓу кои најзначајната македонска награда за проза „Рацинова награда“ за романот „Петтото годишно време“ , европската награда за новата европска драма „Евродрам“ за драмскиот текст „Помеѓу змеј и неговиот бес“ , „Специјална награда за современ сценски израз ИФАД Стоби 2017“ , а Министерството за култура Р. С. Македонија на конкурс го купи неговиот текст „Госпоѓиците од Авињон“.

За своето творештво во литературата и театарот, како млад уметник ја добива највисоката државна награда „Успешна младост“ , доделена од претседателот на Република С. Македонија.

Од 2014 година е драматург на Народниот театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ , Велес, а од 2020 година е негов директор, селектор и директор на Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“ и професор по предметот „Историја и теорија на светската драма и театар“ на Универзитетот „Европа Прима“ во Скопје, Р. С. Македонија.

## DRAMATIST

Sasho Dimoski (Ohrid, 1985, doctor of drama arts at FDU, UKIM, Skopje) is a Macedonian writer, drama artist and university professor. His portfolio, realized in literature, drama and ballet, includes over fifty titles. He is the author of: "The Hooligan's Diary", "Alma Mahler", "The Fifth Season" and "Sleeping Beauties". He signed the books with the collected author's plays "We, the others" and "Texts for stage performance", the book of theater essays "8/4", and edited the three-volume chronology "New Ancient Drama".

He has been translated into English, Serbian, Bulgarian, Albanian and Hungarian, and his short stories, plays, essays and theater studies have been published in various literary magazines at home and abroad.

In addition to Macedonian productions, he cooperates with important theaters in R. Serbia, R. Bulgaria, R. Croatia, R. Montenegro and R. Hungary, signing over thirty productions as playwright and lyricist.

He is the winner of important awards and recognitions, including the most important Macedonian award for prose "Racinova Award" for the novel "The Fifth Season", the European award for the new European drama "Eurodram" for the dramatic text "Between a Dragon and His Fury", "Special Award" for contemporary stage expression IFAD Stobi 2017", and the Ministry of Culture R. S. Macedonia bought his text "The Ladies from Avignon" in a competition.

For his work in literature and theater, as a young artist he received the highest state award "Successful Youth", awarded by the President of the Republic S. Macedonia.

Since 2014, he has been a playwright of the National Theater "Jordan Hadji Konstantinov-Jinot", Veles, and since 2020 he has been its director, selector and director of the International Festival of Ancient Drama "Stobi" and a professor of the subject "History and Theory of World Drama and theater" at the University "Europa Prima" in Skopje, R. S. Macedonia.

## СЦЕНОГРАФ

Даниел Жолдак

Роден 1993 година во Киев (Украина). Студирал и се обучувал како сликар (сликарство на панели со масло на платно и други површини) и за сценограф и костимограф во Националната академија за ликовни уметности и архитектура во Киев.

Тој има долгогодишен интерес и за видео дизајн, италијански слики на Пјеро дела Франческа, Томасо Масачо, Џироламо Романино и современа уметност; овие уметности имаа значајно влијание врз неговиот стил како сликар и сценограф.

Од 2014 година работи како сценограф и костимограф и продолжува да создава сопствени слики.

## SET DESIGN

Daniel Zholdak

Born 1993 in Kyiv (Ukraine). He was studied and trained as painter (panel and plein air painting with oil on canvas and other surfaces) and externship for set and costume designer in NationalAcademy of Fine Arts and Architecture in Kyiv.

He has a longstanding interest also in video design, Italianpaintings of Piero della Francesca, Tomasso Masaccio, GirolamoRomanino and contemporary art; these arts had had a significantimpact upon his style as a painter and set designer.

From 2014 he has worked as set and costume designer and continue to create the own paintings.

## КОСТИМОГРАФ

Симон Мачабели

Симон Мачабели е грузиски уметник кој работи на повеќе полиња на изведувачките уметности, во театар, филм или мода. Сајмон почнал да се занимава со дизајн уште на млади години и во студентските години веќе бил етаблиран сценограф кој работел во театрите во Грузија и во странство. По дипломирањето на легендарниот моден курс на Колеџот за уметност и дизајн Централ Сент Мартин (магистер по женска облека) во 2008 година, Сајмон се враќа во Џорџија, почнува да дизајнира Формална воена униформа за почесната гарда, неколку модни колекции за локални брендови, и работи како дизајнер на костими и продукции на голем број грузиски и меѓународни филмови. Неговите најнови дела се обидуваат да ги предизвикаат конвенционалните ревии на модните писти и сезонските модни колекции со квалитетни индивидуални изложби. Тоа се естетски интерпретации на грузиските религиозни уметности, свети носии пренесени од лично искуство. Човек со нацрти и длабок познавач на модната граматика-Симон Мачабели е уметник кој провоцира ефемерен свет на уметност и создава посебни, независни дела надвор од модниот систем, секогаш исполнети со содржина и квалитет.

## COSTIMOGRAPHY

Simon Machabeli

Simon Machabeli is a Georgian Artist working across multiple fields of performing arts, in theatre, film or fashion. Simon began to design early on and in his student years was already an established set designer working in theatres in Georgia and abroad. After graduating from Central St. Martin’s College of Art and Design legendary fashion course (MA in womenswear) in 2008, Simon returned to Georgia, he won and designed Formal Military Uniform for Honor’s Guard, several fashion collections for local brands, worked as a costume and production designer on a number of Georgian and International films. His latest works attempt to challenge the conventional catwalk shows and seasonal fashion collections with highly individual exhibitions. These are aesthetic interpretations of Georgian religious arts, sacred costumes and personal experience. A fastidious drafts man and a profound connoisseur of fashion Grammar-Simon Machabeli is an artist who provokes the ephemeral world of ART and creates distinct, independent works outside of the fashion system, always charged with greater story, substance and the finest quality.

## КОСТИМОГРАФ

Раде Василев

Роден во Скопје 1964 година. По завршувањето на средното образование во 1982 година, се запишува на додипломски студии по историја на уметност на Универзитетот Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 1985 година посетува курсеви за уметност и дизајн на Школата за уметности Марлборо во Лондон. Од неговото враќање во Македонија во 1986 до денес има дизајнирано костимографски решенија за театарски претстави, опера, балет, перформанси, телевизиски, музички и рекламни продукции во земјата и регионот. Театарот му е примарна окупација и има изведено костимографии на повеќе од 40 претстави. Има добиено и две еминентни награди.

## COSTIMOGRAPHY

Rade Vasilev

Born in Skopje in 1964. After finishing high school in 1982, he enrolled in undergraduate studies in art history at the University of St. Cyril and Methodius" in Skopje. In 1985 he attended art and design courses at the Marlborough School of Art in London. Since his return to Macedonia in 1986, he has designed costume solutions for theater shows, opera, ballet, performances, television, music and advertising productions in the country and the region. Theater is his primary occupation and he has designed costumes for more than 40 plays. He has also received two eminent awards.

# КРЕАТИВЕН И ТЕХНИЧКИ ТИМ

**РЕЖИЈА**: Андриј Жолдак
**ДРАМАТУРГ**: Сашо Димоски
**ТЕКСТ**: Андриј Жолдак и Сашо Димоски (според Кристофер Марлоу)
**СЦЕНОГРАФИЈА**: Андриј Жолдак и Даниел Жолдак
**КОСТИМОГРАФИЈА**: Симон Мачабели и Раде Василев
**АСИСТЕНТ НА РЕЖИЈА:** Никола Кимовски
**ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР:** Катерина Стефановска
**МУЗИКА:** Сашко Костов
**ПРЕВОД И ЛЕКТУРА:** Весна Костовска
**ИНСПИЦИЕНТ**: Славиша Ѓорѓиев
**СУФЛЕР**: Орхидеја Дукова

**Улоги:**
**ЕДВАРД ВТОРИ** – Борис Крстев и Илин Јовановски
**ИЗАБЕЛА ДЕ ВАЛОА** - Јована Миладинова
**ПИРС ГЕЈВСТОН** – Васил Зафирчев
**КЕНТ** – Јордан Витанов
**МОРТИМЕР** – Бранко Михајлоски
**ЛАЈТБОРН** – Кире Ацевски
**ЕДВАРД ТРЕТИ** – Никола Петковиќ
**МАРГО** – Сандра Танчева
**ДВОРЈАНИ**: Марија Баркова, Леонида Гулевска, Бобан Алексоски
**ПАЖ** – Тодор Стојковски

**ИЗВРШЕН ПРОДУЦЕНТ**: Сашо Димоски
**ТЕХНИЧКИ РАКОВОДИТЕЛ:** Никола Игнов
**СВЕТЛО-ОПЕРАТОРИ:** Марјан Тодоровски, Зоранчо Јордев
**ВИДЕО:** Филип Коруновски
**ТОН-ОПЕРАТОР:** Дарко Спировски
**ДЕКОРАТЕРИ:** Игор Гаврилов, Хишам Латифов, Ѓоре Павлов, Јовица Стаменковски, Горан Димов
**РЕКВИЗИТ:** Благој Илиев
**ГАРДЕРОБЕР:** Јулијана Ангеловска и Елена Кочановска

Времетраење:....................
Претставата не е наменета за лица под 16 години.

# CREATIVE AND TECHNICAL TEAM

**DIRECTOR:** Andrij Zholdak
**DRAMATURGIST:** Sašo Dimoski
**TEXT:** Andrij Zholdak and Sašo Dimoski (according to Christopher Marlowe)
**SCENOGRAPHY:** Andrij Zholdak and Daniel Zholdak
**COSTUME DESIGN:** Simon Machabeli and Rade Vasilev
**ASSISTANT DIRECTOR:** Nikola Kimovski
**PROJECT COORDINATOR:** Katerina Stefanovska
**MUSIC:** Saško Kostov
**TRANSLATION AND PROOFREADING:** Vesna Kostovska
**INSPECTOR:** Slavisha Gjorgjiev
**PROMPTER:** Orhideja Dukova

**Roles:**
**EDWARD II** - Boris Krstev and Ilin Jovanovski
**ISABELA DE VALO** - Jovana Miladinova
**PIERCE GAVESTON** – Vasil Zafirchev
**KENT** – Jordan Vitanov
**MORTIMER** – Branko Mihajloski
**LIGHTBORN** – Kire Acevski
**EDWARD THE THIRD** - Nikola Petkovic
**MARGO** – Sandra Tančeva
**DVORJANI:** Marija Barkova, Leonida Gulevska, Boban Aleksoski
**PAŽ** - Todor Stojkovski

**EXECUTIVE PRODUCER:** Sasho Dimoski
**TECHNICAL MANAGER:** Nikola Ignov
**LIGHTING OPERATORS:** Marjan Todorovski, Zorancho Jordev
**VIDEO:** Filip Korunovski
**SOUND OPERATOR:** Darko Spirovski
**DECORATORS:** Igor Gavrilov, Hisham Latifov, Gjore Pavlov, Jovica Stamenkovski, Goran Dimov
**PROPS:** Blagoj Iliev
**WARDROBE:** Julijana Angelovska and Elena Kochanovska

Duration:..................
The performance is not intended for persons under the age of 16.

Република Северна Македонија
Министерство за култура

ТЕАТАР ЏИНОТ ВЕЛЕС

ДРАМАТИЧЕН
ТЕАТЪР
ПЛОВДИВ

Културно информативен центар
на Република Бугарија во Скопје

Агенција за млади и спорт

есенен меѓународен театрален фестивал
сцена на крьстопът
10 – 21 септември 2023
27. издание